**<u>УПАТСТВА ЗА БЕЗБЕДНА РАБОТА - БЕЗБЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО И УЧЕСТВО ВО СООБРАЌАЈ</u>**

***ИЗВОРИ НА ОПАСНОСТ:***

- брзина на движење на возилото;
- симнување и монтажа на гуми;
- алатот и приборот на возилото;
- антифриз како средство против смрзнување на водата во ладилникот;
- алкохол;
- сообраќајни прописи;
- користење на возилото;
- нередовно вршење на контрола на возилото.

***СОВЕТИ ЗА СИГУРНА РАБОТА :***

- Вработениот не смее да врши поправки, подмачкување или снабдување на возилото со гориво доколку моторот работи.
- Кога се вршат поправки на моторот треба на воланот да стави писмено предупредување како "не го пуштај моторот во работа – работат луѓе", "не го допирај воланот – под возилото има луѓе".
- Не смее да дозволи со возилото да управува друго лице кое нема соодветна исправа.
- При учество во сообраќај треба да се почитуваат сообраќајните правила: почитување на поставената патна сигнализација, прилагодување на брзината на возење согласно условите на патот, строго забрането управување на моторно возило под дејство на алкохол или лекови, кои ги нарушуваат психофизичките способности, да не се зборува на мобилен додека се управува со возилото, задолжителна употреба на каиш за врзување и др.
- Миење на возилото се врши само во простор кој е доволно оддалечен од елек.уреди под напон.
- При рачно миење на возилото да се носи ЛЗС (гумени ракавици, чизми и престилка). Забрането е користење на етилизиран бензин за чистење.
- Ако одржувањето се врши со запаливи течности работникот не смее да пуши или да приоѓа со отворен пламен.
- На местото на кое се врши полнење со гориво, не смее да има отворен пламен и извор на искри.
- Во инцидентни случаи кога треба да се изврши симнување и монтажа на гуми треба да се почитуваат следните работни постапки: осигурување на хаубата на возилото од паѓање и можен удар на вработениот кога зема/става нешто во гепек, употреба на средства и опрема за лична заштита (Заштитен елек со високо забележителни флуоросцентни ознаки) за работа околу возилото во близина на јавни сообраќајници, пред симнување на тркалата на возилото воздухот од внатрешната гума треба да се испушти а симнувањето да се прави со соодветен алат. Оштетениот држач на гуми да се замени или поправи. Гумата

да се полни со воздух одкако еластичниот прстен на надворешната гума ќе се наоѓа во својот жлеб.

- Алатите и останатите средства кои се користат мора да се исправни.
- Пред тргнување на пат мора да се провери техничката исправност на возилото и неговата опременост со алати, резервни делови, прва помош, апарат за гасење пожар и др.
- За време на утоварот, преносот и истоварот на пациенти од возилото, возачот мора да е присутен и да провери дали се преземени сите мерки на заштита;
- Во текот на возењето возачот треба да ја контролира состојбата со пациентите и службените лица и средствата со кои се осигурани.
- Антифризот е отровна течност и мора да се чува и пренесува во склад со прописите за заштита и упатството од произвоителот.
- Возачот не смее да управува со возилото ако конзумирал алкохол, ако е вознемирен, преморен и слично.
- Возачот мора да го упавува возилото во склад со сообраќајните правила.
- Возилото треба да го користи исклучиво за целите за кои е наменето по налог на непосредниот раководител.
- Не смее да дозволи превоз на други лица.